УТРЕВЕЧЕР НА СЦЕНАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН ТЕАТАР

# Две балетски премиери

Во Салонот на МНТ утревечер во 19.30 часот ќе се одржат две балетски премиери – „Капелија“ и „Големиот Бах“. Кореографијата на првиот е на Ирена Лозинска работена според музиката на Д. Делив и групата „Резиденс“. Во оваа комбинација на модерен и класичен балет учествуваат солистите Елена Спасовска, Иво Караѓорѓев (гостин од Софија), Билјана Пашариковска, Тамара Анастасова и помладиот дел од ансамблот на Балетот на МНТ.

„Големиот Бах“ е класичен балет работен според музиката на Јохан Себастијан Бах во кореографија на Екрем Хусеин. Во него учествуваат Зоица Пуровска, Зоран Велевски, Катерина Кипровска, Зоран Божинов, а исто така и помладиот дел од балетскиот ансамбл.

**В.Д.**

Н. М. 3 II. 95 стр 9